Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ
Подружница МОЛИКА Битола
Бр. 11-330/3
24.06 20 20 год.
СКОПЈЕ

ЕЛЕМ ТУРС
ДООЕЛ - СКОПЈЕ

# ПОКАНА ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ

## ЗА НАБАВКА НА СИТЕН И ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје Подружница Молика Битола
## ( Бр. 11-330/3 од 24.06.2020 година)

Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт Подружница МОЛИКА Битола ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ 2 Скопје

**Битола , Јуни 2020**

Почитувани,

Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт **ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, ПОДРУЖНИЦА МОЛИКА - Битола** , со адреса на ул. Национален парк Пелистер , поштенски фах 110, телефон за контакт 047-229-406, 071-259-193 и електронска адреса:**hmolika@t.mk,** има потреба од набавка на **Ситен и потрошен материјал** за потребите на хотел Молика Подружница Молика Битола.

За таа цел, ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје Подружница Молика Битола (во понатамошниот текст - Набавувач) спроведува постапка за доделување на Договор за набавка на **Ситен и потрошен материјал за потребите на Хотел Молика**, Подружница Молика БИТОЛА со Оглас кој е поставен во делот **,,Набавки''**на страницата **www.elemturs.mk**, врз основа на член 15 од Изјавата за основање на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, Правилникот за спроведување на интерни процедури за набавки на стоки, услуги и работи во ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје .

Ве молиме да ни ја доставите Вашата понуда за горенаведениот предмет за договор за набавка, најдоцна до **03.07.2020 година** ,во **15:00 часот (по локално време),** по пошта на горната адреса или лично со поднесување во архивата на **ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје Подружница Молика Битола**.

Со ова Ве информираме дека Поканата за прибирање на понуди ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудата и истата може да ја преземете во делот за **,,Набавки''** од страницата **www.elemturs.mk**, да ја добиете по електронски пат или лично да ја подигнете во просториите на **ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје Подружница Молика Битола**. Поканата се состои од следните делови:

- инструкции за понудувачите;
- технички спецификации;
- образец на понудата;
- изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба.

За извршениот избор ќе бидете писмено известени.

Однапред Ви благодариме на соработката.

**Место и датум**

**Битола , 24.06.2020 година**

**Овластено лице ,**
**Раководител на Подружница Молика**
**Димитровски Димитар**